Архивски број: 08-765/2
Датум: 26.12.2024

Постапувајќи по претставка бр. 08-765/1 од 13.12.2024 година поднесена од [redacted], со адреса на живеење [redacted] Демир Хисар, против Агенција за Администрација на Република Северна Македонија во Скопје, за заштита од дискриминација врз основа на образование и политичко уверување во областа на правосудство и управа, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**
**за отфрлање на претставка поради ненадлежност**

**СЕ ОТФРЛА** претставката заведена под бр. 08-765/1 од 13.12.2024 година, поднесена од [redacted] против Агенција за Администрација на Република Северна Македонија, за заштита од дискриминација врз основа на образование и политичко уверување во областа на правосудство и управа **поради ненадлежност**.

**О б р а з л о ж е н и е**

На ден 13.12.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка заведена под бр. 08-765/1 поднесена од [redacted] против Агенција за Администрација на Република Северна Македонија, за заштита од дискриминација врз основа на образование и политичко уверување.

Претставката се однесува на апликацијата на подносителката по објавен оглас бр. 273/2024 од страна на Агенцијата за Администрација („**Агенцијата**“), за работните позиции – Помлад соработник за нормативно-правни работи, Одделение за општи и правни работи, Сектор за општи и правни работи и финансиски прашања и Помлад соработник за архивско работење во Општина Демир Хисар. Таа наведува дека апликациите ги поднела електронски на веб-страницата на Агенцијата. Креираниот профил на подносителката бил означен како 100% комплетен профил. На ден 11.12.2024 година од страна на Агенцијата апликациите на подносителката биле означени како неуредни од причина што подносителката немала прикачено диплома со просек од прв циклус на студии.
Подносителката тврди дека на нејзиниот профил, во делот на формалното образование, таа прикачила документ Уверение за положени испити од втор циклус студии со бр. 09-5/132мм од 30.8.2021 година, издадено од Правен факултет „Јустинијан Први“ - Скопје, со просечна оценка од 10.00. На втората страница од документот, било наведено дека подносителката има стекнато вкупно 300 ЕКТС – 240 кредити од прв и втор циклус на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола, Правен факултет - Кичево и 60 кредити од Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје. Потенцира дека не можела да се стекне со звањето магистер по правни науки без завршен прв циклус на студии.

<u>Во прилог на претставката беа доставени следните докази:</u>

1. Пофалница за постигнат најдобар успех на [redacted]

2. Уверение за положени испити од втор циклус студии бр. 09-13/8 од Универзитет „Св. Климент Охридски" – Битола, Правен факултет – Кичево;
3. Диплома за завршен прв циклус на студии за [redacted] со бр. 07-2614/1 од Универзитет „Св. Климент Охридски" – Битола, Правен факултет – Кичево;
4. Уверение за положен правосуден испит за [redacted] со бр. 08-258/2023 од Министерство за правда;
5. Уверение за положени испити од втор циклус со бр. 09-5/132мм од Правен факултет „Јустинијан Први" – Скопје.

Според **член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација**:
*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други".*

Директната дискриминација е дефинирана во **член 8 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација**, кој гласи:
*„Директна дискриминација постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа".*

Во овој контекст, а по увид во наводите од претставката, Комисијата констатира дека не станува збор за прашања кои потпаѓаат под нејзина надлежност.

Имено, Комисијата не е надлежна да ги преиспитува самите постапки за селекција на кандидати за вработување преку огласите објавени од Агенцијата за администрација, кога претставката не содржи наводи или докази кои укажуваат на дискриминација врз основа на заштитена карактеристика. Во конкретниот случај, подносителката истакнува наводи дека нејзината апликација, поднесена електронски на веб-страницата на Агенцијата за администрација, била неправилно означена како неуредна, но истото не го заснова на некоја нејзина заштитена карактеристика.

Согласно со **член 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација**, забранета е секоја дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, потекло национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа.

Иако во претставката како дискриминаторски основи беа наведени образованието и политичкото уверување на подносителката, од описот на настаните не произлегува каузална врска помеѓу тие основи и наводната повреда на право. Последно, подносителката нема наведено ниту соодветен компаратор, во однос на кој би се ценел наводниот нееднаков третман кон неа.

Оттука, со цел заштита на своите права, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја упатува подносителката да го искористи своето право на жалба против Одлуката за избор за вработување по предметниот оглас на кој аплицирала.

Во согласност со надлежностите од член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата одлучи како во диспозитивот.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Претседател на Комисијата
Лимко Бејзароски

Доставено до:
- [redacted]

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk